Бр./Nr 12-2172/5
08-01-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција доставена од непознати подносители, на 45-та седница одржана на ден 29 Декември 2020 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-4719/1 од 08.10.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознати подносители – -------------------------------- , со која се укажува на сомневања за сторени злоупотреби на службената положба и за несовесно работење во службата поврзано со противправни дејствија и злоупотреби на лицата ----------------------------- кандидат за вработување во ---------------------- по јавен оглас бр. ----------------- од ------------------ година, ---------------------------, одговорното лице на правното лице ----------------------- и други, вклучително и службено/и лице/а од -------------------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-4179 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-4719/1 од 08.10.2019 година.

Предметот со број 12-4179 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4179 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-4719/1 од 08.10.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознати подносители – --------------------, а со која се укажува на сомневања за сторени злоупотреби на службената положба и за несовесно работење во службата поврзано со сторени противправни дејствија и злоупотреби од страна на лицата ----------------- од -------- кандидат за вработување во ----------- по јавен оглас бр. ------------- од ----------- година, ---------------, одговорното лице на правното лице ------------- и други, вклучително и службено/и лице/а од ----------------------.

Пријавата за овој пријавен случај содржи наводи за тоа дека тенденциозно со цел да токму посоченото лице, кандидат за вработување по наведениот оглас за вработување на работното место ----------- во Одделение -----------------, биде избран и примен во вработување од страна на ---------------, во три наврати бил објавуван јавен оглас, како и дека конечно работниот однос му бил заснован врз основа на лажни податоци презентирани на тој начин што од правното лице во кое претходно остварувал работен стаж му била издадена лажна потврда со невистинита содржина спротивно на договорот за вработување и на документот за одјава од вработување. Воедно, пријавата содржи наводи за противправна промена на дел од податоците за вработување на посоченото лице извршена од страна на службено лице вработен во ------------------ – на барање на работникот, кој исто така во текот на постапките за вработување по трите огласи за

вработување користел различни идентификациони кодови и Извод од историјат на вработувања со различна содржина.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителите, а заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барања за податоци, информации и документација од надлежните органи за кои врз основа на предметната пријава имаше сознанија дека истата им била/е едновремено доставена и на нив.

По повод доставените барања до Државната комисија за спречување на корупцијата беа/се доставени писмени одговори од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција и од Министерството за внатрешни работи – СВР ---------------, ОКП – Отсек за економски криминалитет --------------------.

Од сите расположиви и од прибавените списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека по проучување на пријавата ОЈО за ГОКК истата ја доставило на надлежно постапување на Основното јавно обвинителство ----------------------, како и дека од МВР СВР --------------, ОКП – Отсек за економски криминалитет --------------- се преземени оперативни дејствија - проверки, службени разговори и увиди, по чие завршување на ден ---- 08.2020 година до ОЈО ------------------- е доставено Известување со бр. --------------- со кое се опфатени сите преземени мерки и воедно е доставена целокупната изготвена и обезбедена документација.

Врз основа на се, погоре наведено, со оглед на фактот што на предметниот случај постапува стварно и месно надлежен орган во РСМ и Државната комисија нема основ и елементи за понатамошно надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Декември 2020 година под бр. 12- 2172/__**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил:Г.Т, Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива